# Национален акциски план за правата на децата

во Република Северна Македонија (2025–2029)



**Листа на кратенки**

| Кратенка | Значење |
|---|---|
| АВМУ | Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги |
| АСЈО | Академија за судии и јавни обвинители |
| БРО | Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието |
| ГО | Граѓански организации |
| ДЗС | Државен завод за статистика |
| ДПИ | Државен просветен инспекторат |
| ЕЛС | Единици на локална самоуправа |
| ЕУ | Европска Унија |
| ЗЕЛС | Заедница на единици на локална самоуправа |
| ЗСД | Завод за социјални дејности |
| ЗСЗ | Закон за социјалната заштита |
| ИЈЗ | Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија |
| КПД | Конвенција на правата на детето |
| МАЛМЕД | Агенција за лекови и медицински средства на Република Северна Македонија |
| МДТ | Министерство за дигитална трансформација |
| МИКС | Мултииндикаторско кластерско истражување |
| МЛС | Министерство за локална самоуправа |

| | |
|---|---|
| МВР | Министерство за внатрешни работи |
| МЖСПП | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| МНРНТ | Министерство за надворешни работи и надворешна трговија |
| МОН | Министерство за образование и наука |
| МС | Министерство за спорт |
| МСПДМ | Министерство за социјална политика, демографија и млади |
| МРТ | Македонска радио телевизија |
| МЗ | Министерство за здравство |
| НП | Народен Правобранител |
| ОН | Обединети Нации |
| РБН | Родово базирано насилство |
| РСМ | Република Северна Македонија |
| СЗО | Светска здравствена организација |
| УНИЦЕФ | Фонд за деца на Организацијата на Обединети нации |
| ФЗОРСМ | Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија |
| ФПИОСМ | Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија |
| ЦОР | Цели за одржлив развој |
| ЦСР | Центри за социјална работа |

**Вовед**

Националниот акциски план за правата на децата е создаден со јасна цел – да ги унапредиме животните услови на децата, овозможувајќи им здрава, безбедна и среќна иднина. Преку овој план, поставуваме основа за заштита на нивните права, создавање еднакви можности и промовирање на нивниот развој во средини што ги поттикнуваат нивните потенцијали. Детската перспектива е во срцето на оваа иницијатива, водени од нивните гласови, потреби и аспирации. Нашата цел е да создадеме средина каде што правата на децата се целосно почитувани, заштитени и промовирани.

Република Северна Македонија, како земја наследничка на поранешната Социјалистичка Федеративна Република Југославија, на 2 декември 1993 година, ја прифати ратификацијата на Конвенцијата на ОН за правата на детето (КПД) [1]. Со ратификацијата на Конвенцијата и двата факултативни протоколи, Владата на Република Северна Македонија се обврза на исполнување и заштита на правата на децата. Оваа заложба вклучува развивање политики, системи и капацитети, како и доделување соодветни ресурси кои се неопходни за почитување, заштита и реализација на правата на сите деца. Република Северна Македонија ги ратификуваше клучните меѓународни инструменти за заштита на правата на децата кои ја демонстрираат нејзината посветеност да ги поддржува правата на децата и ја потврдуваат посветеноста за обезбедување на благосостојба и заштита на нејзините најмлади граѓани.

КПД претставува заедничка референтна точка според која може да се оценува напредокот и да се споредуваат резултатите. Усвоена од страна на Генералното собрание на ОН во ноември 1989 година, таа бара децата да бидат ставени во центарот на политичката агенда и да претставуваат посебна и приоритетна грижа во национален и меѓународен контекст. Во светлината на КПД, децата повеќе не се гледаат како обични корисници на услуги или заштитни мерки, туку тие се субјекти на права и учесници во дејствијата кои ги засегаат. КПД, која е најшироко ратификуван документ за човекови права во светот, е обврзувачки инструмент кој ги вклучува граѓанските, политичките, економските, социјалните и културните права на децата.

Состојбата на децата е значително подобрена со имплементирање на стандардите утврдени во КПД. Република Северна Македонија направи значителен напредок во препознавањето и адресирањето на правата на децата, усогласувајќи ги своите напори со меѓународните стандарди и обврски. Сепак, и покрај овие напори, остануваат предизвиците да се обезбеди целосна реализација на правата на децата на национално ниво. Прашањата како што се детската сиромаштија, пристапот до квалитетно образование и здравствена заштита, детскиот труд, насилството врз децата, вклучително родово базираното и семејното насилство, и дискриминацијата опстојуваат, што влијае на благосостојбата и развојот на многу деца во Република

[1] https://treaties.un.org/Pages/ViewDetails.aspx?src=TREATY&mtdsg_no=IV-11&chapter=4&clang=_en

Република Северна Македонија  Освен тоа, во последните години се случија големи, сериозни настани во Република Северна Македонија, во Европа и пошироко. Да ја споменеме само кризата со заштитата на бегалците по конфликтот во Сирија, која доведе до интензивна миграција низ целиот балкански регион, почнувајќи од 2015/16 година; влијанието на миграцијата што произлегува од војната помеѓу Русија и Украина од 2022 година, како и ковид-19 пандемијата (2020-23), која речиси го замрзна општествениот и економскиот живот на земјата. Сите вакви случувања имаа и сè уште имаат далекусежни, широко негативни последици по животите на голем број деца кои живеат во Република Северна Македонија, што бара силен и интензивен одговор.

Последниот Национален акциски план за правата на децата во Република Северна Македонија истече во 2015 год. Препознавајќи ги овие предизвици и императивот за нивно надминување, Република Северна Македонија започна со изготвување на Национален акциски план за правата на децата за периодот 2025 – 2029 год. (во понатамошниот текст: НАП за правата на децата). Овој план има за цел да ги ажурира и консолидира напорите да ги насочи ресурсите и да воспостави јасни механизми за заштита и унапредување на правата на сите деца во земјата. Со обезбедување на патоказ за делување, Националниот акциски план се обидува да обезбеди поддршка, почитување и реализација на правата на сите деца во сите аспекти од нивниот живот, како одговор на тековните предизвици. Тој се стреми да создаде поволна средина каде што децата ќе можат да напредуваат, растат и да го достигнат својот целосен потенцијал. Тој се надоврзува на постоечките иницијативи и заложби и нуди иновативни решенија за справување со новите предизвици во полето на заштита на децата. Спроведувањето на НАП за правата на децата претставува значаен исчекор во исполнувањето на обврските на Република Северна Македонија кон нејзините најмлади граѓани и градење на поправедно и порамноправно општество за сите деца.

НАП за правата на децата во Република Северна Македонија за периодот 2025 – 2029 е мултисекторски стратешки документ, изработен во широк партиципативен процес , со вклучување на голем број државни институции, граѓански организации (Прва детска амбасада во светот Меѓаши и Здружение на граѓани “Заштита на правата на детето“), со активно учество на децата, и со поддршка на проектот Поддршка на ЕУ за владеење на правото.

**Историјат и клучни податоци за децата**

**Детската популација** (0<18 години) во Република Северна Македонија во периодот на спроведување на Пописот на население, домаќинства и станови во 2021 година брои 372 558 лица, што претставува 20,3% од вкупното резидентно население регистрирано со Пописот. Населението на возраст под 14 години сочинува 16,9% од вкупното резидентно население, што е слично со европските земји. Анализата на податоците според полот покажува дека 192 145 деца се од машки пол (51.57%), додека 180 413 (48.43%) се од женски пол. Бројот на раѓања во земјава се намалува во периодот 2010 -2022, со 25,6% помалку родени деца во 2022, споредено со 2010. Бројот на раѓања се

намалува во сите региони без исклучок, при што Југоисточниот регион има најголем пад во бројот на родени деца, по што следи Пелагонискиот регион, додека во Скопскиот регион е регистриран најмал пад на бројот на раѓања[2].

Стапката на **детска сиромаштија** во Република Северна Македонија се намалува во изминатите децении, но и понатаму е висока и дополнително негативно погодена од КОВИД-19 пандемијата. Најновите податоци за детската сиромаштија на Државниот завод за статистика (Лаекенски индикатори), покажуваат дека во 2020 година стапката на детска сиромаштија изнесувала 30.3 %, со стапка на сиромаштија од 30,2 % кај девојчињата и 30,4 % кај момчињата.[3] Но, стапката на детска сиромаштија во 2020 година е зголемена за 2.5 процентни поени во однос на 2019 година и останува малку повисока во споредба со стапките на детска сиромаштија во изминатите пет години.[4] Извештаите покажуваат дека најмногу погодени и изложени на сиромаштија се децата кои живеат во посиромашни домаќинства, поголеми домаќинства со три или повеќе издржувани деца, децата од руралните средини и ромските деца.[5] Освен тоа, значајните разлики меѓу возрасните групи покажуваат дека децата под петгодишна возраст доживуваат поголема инциденца на сиромаштија, додека постарите деца доживуваат поинтензивна сиромаштија, при што образованието на родителите и децата е една од клучните детерминанти на детската сиромаштија и затоа претставува значаен предуслов за нејзино искоренување.[6]

Неодамнешните податоци за **предучилишно образование** покажуваат зголемување на бројот на деца кои посетуваат предучилишни установи во периодот 2011-2022 година, од 23 157 на 35 932 (зголемување за 55 %), но сепак, опфатот на деца останува доста мал (43,6 % во 2021 година), без поголема разлика во стапката на опфат на момчиња (51 %) и девојчиња (49 %).[7]

Во **основното образование,** има континуиран тренд на раст на нето и бруто стапките на запишување ученици во периодот 2010-2022 година, наспроти намалувањето на апсолутниот број на ученици во основните училишта за истиот период.[8] Бруто стапките на запишување на девојчиња и момчиња во 2022/2023 година се 95,23 и 94,82, соодветно, што покажува дека не постои значајна разлика според полот.[9] Сепак, понатамошната анализа на бројот на запишани девојчиња и момчиња според етничка

---

[2] УНИЦЕФ, Профил на детската популација во Република Северна Македонија, Канцеларија на УНИЦЕФ во Република Северна Македонија, Скопје, 2023, https://www.unicef.org/northmacedonia/mk/izvestai/profil-na-detskata-populacija-vo-republika-severna-makedonija

[3] Државен завод за статистика. (2022). Лаекенски индикатори за сиромаштијата во 2020 година. Достапно на https://www.stat.gov.mk/pdf/2022/4.1.22.40_mk.pdf

[4] Државен завод за статистика. Лаекенски индикатори за сиромаштијата. Достапно на https://www.stat.gov.mk/PrethodniSoopstenijaOblast.aspx?id=115&rbrObl=13

[5] Србиноски, Б. (2021). Студија за повеќедимензионалната детска сиромаштија во Република Северна Македонија, достапно на: https://www.financethink.mk/wp-content/uploads/2021/12/Multidimensional-child-poverty-MK.pdf; Државен завод за статистика, (2022)

[6] Ibid.

[7] UNICEF. (2023). Профил на детската популација во Република Северна Македонија. Достапно на https://www.unicef.org/northmacedonia/mk/izvestai/profil-na-detskata-populacija-vo-republika-severna-makedonija

[8] Ibid.

[9] Ibid.

припадност покажува помал процент на запишани девојчиња во споредба со момчиња, особено кај влашката, бошњачката и ромската етничка заедница.[10]

Во однос на стапките на запишување во **средно образование** во анализираниот период (2010-2022), тие остануваат под нивото на стапките на запишување во основно образование, и покрај фактот што средното образование е задолжително во Република Северна Македонија, со стапки кои се движат меѓу 78,9 % (во 2010/2011) и 85,6 % (во 2021/2022).[11] Бројот на ученички кои продолжиле од основно во средно образование се зголемува, додека бројот на ученици се намалува.[12] Позначајни полови разлики при запишувањето во средно образование се забележуваат кај турската, ромската, влашката и бошњачката етничка заедница, при што има помал удел на ученици од женски пол запишани во средно образование споредено со ученици од машки пол.[13]

Стапката на **неонатална смртност** значително варира во последната деценија со високи 10,2 смртни случаи на 1000 живородени во 2016 година и најниска стапка достигната во 2022 година од 1,4 смртни случаи на 1000 живородени. Слични стапки се забележуваат и кај стапката на смртност кај деца под петгодишна возраст. Се забележуваат значајни варијации низ годините, при што 2016 година е годината во која е достигнат десетгодишен максимум – 12,9 смртни случаи на 1,000 деца, со тренд на намалување до десетгодишниот минимум од 2022 година – 3,8 смртни случаи на 1,000 деца под петгодишна возраст. Анализата на податоците според етничката припадност на децата кои се дел од статистиката за неонаталната смртност покажува дека одредени етнички заедници имаат поголем удел (Албанци, Роми), што е повеќе од уделот на овие заедници во бројот на живородени на годишно ниво[14].

Податоците на национално ниво за **имунизацијата** во периодот 2016-2022 година, за вакцините Хепатит Б, МРП и ХПВ, покажуваат дека во овој период не е постигнат опфатот од 95% или повисоко за ниту една вакцина на национално ниво. Во 2022 година опфатот со сите вакцини покажува тренд на зголемување, но сѐ уште е далеку од нивоата пред КОВИД – 19 пандемијата[15].

Нема доволно достапни сеопфатни податоци и индикатори за **децата со попреченост** во образовниот систем. Податоците кои се достапни за периодот 2015-2022 година покажуваат недоволна вклученост на ученици со попреченост во редовните основни и средни училишта, со значително повисок број на ученици кои посетуваат специјални училишта.[16] Повисок процент од децата со попреченост се вклучени во основно образование, додека вклученоста во предучилишно и средно образование е помала. Понатаму, податоците покажуваат значајна разлика кај полот на децата со попреченост

---

[10] Ibid.
[11] Ibid.
[12] Државен завод за статистика. (2023). Жените и мажите во Република Северна Македонија. Достапно на https://www.stat.gov.mk/publikacii/2023/ZeniteMazite_2023.pdf
[13] UNICEF. (2023). Профил на детската популација во Република Северна Македонија. Достапно на https://www.unicef.org/northmacedonia/mk/izvestai/profil-na-detskata-populacija-vo-republika-severna-makedonija
[14] Ibid.
[15] УНИЦЕФ, 'Профил на детската популација во Република Северна Македонија', Канцеларија на УНИЦЕФ во Република Северна Македонија, Скопје, 2023
[16] Ibid.

кои посетуваат задолжително основно и средно образование, при што бројот на момчиња речиси двојно го надминува бројот на девојчиња во анализираниот период (2015-2022 година).[17]

Друга приоритетна област каде што има забележителен недостиг на сеопфатен и интегриран систем за собирање на податоци и следење е **насилството врз децата,** вклучително и родово базираното и семејното насилство и неговата дигитална димензија. Различни институции собираат само делумни податоци за деца жртви на насилство, како што се полицијата, социјалните служби, здравствените и образовните установи, и други релевантни институции, и има ограничени информации и податоци за обемот и различните форми на насилство врз децата. Најновите податоци за деца жртви на насилство и криминал, расчленети според полот, регистрирани од страна на полицијата во 2023 година, покажуваат дека поголем процент од жртвите биле момчиња (59,8%) во споредба со девојчињата (40,2%).[18] Податоците од 2021 година за пријавени, обвинети и осудени деца покажуваат дека момчињата сочинуваат 90-92% од овие категории, додека девојчињата сочинуваат само 8-10%.[19] Додека различни извештаи и неодамнешни официјални податоци потврдуваат дека жените се главно жртви на родово базирано насилство (вклучително и дигитално насилство) и семејно насилство, а мажите се главно сторители, недостигаат податоци за деца жртви и сторители, расчленети според полот и други социо-демографски фактори.[20]

Според Пописот во 2021, 1,000 **адолесцентки** (на возраст 15-19 години) изјавиле дека имале **родено едно или повеќе деца,** што претставува 1,9% од вкупното женско население на оваа возраст. Меѓу овие девојчиња, 76,6% родиле едно дете, 19,5% родиле две деца, а помалку од 3% родиле три или повеќе деца. Стапката на раѓање кај адолесцентки изнесува 20 раѓања (19,7%) на 1,000 девојки на возраст 15-19 години. Доколку податоците се анализираат според етничката припадност, покажуваат дека процентот на адолесцентски раѓања е највисок меѓу девојчињата од ромска етничка припадност, меѓу кои 13,1% од девојчињата на возраст 15-19 година имале родено едно или повеќе деца.[21] Бројот на девојчиња на возраст 15–19 кои во рамките на Пописот изјавиле дека живеат во брачна заедница е повеќе од петпати поголем од оној на момчињата – 1355.[22] Овие родово определени резултати го одразуваат постоењето на штетните родови норми во одредени заедници, кои честопати негативно влијаат на образованието на девојчињата и на идните економски перспективи, што доведува до економска зависност и зголемена ранливост.

---

[17] Ibid.
[18] Ibid.
[19] Државен завод за статистика. (2023). Жените и мажите во Република Северна Македонија. Достапно на https://www.stat.gov.mk/publikacii/2023/ZeniteMazite_2023.pdf
[20] Државен завод за статистика. (2023). Жените и мажите во Република Северна Македонија. Достапно на https://www.stat.gov.mk/publikacii/2023/ZeniteMazite_2023.pdf; OSCE. (2019). Анкета водена од ОБСЕ за насилство врз жените. Добросостојба и безбедност на жените: Република Северна Македонија. Достапно на https://www.osce.org/secretariat/419264
[21] UNICEF. (2023). Профил на детската популација во Република Северна Македонија. Достапно на https://www.unicef.org/northmacedonia/mk/izvestai/profil-na-detskata-populacija-vo-republika-severna-makedonija
[22] Ibid.

**Неопходната потреба за нов НАП за правата на децата 2025-2029**

Во 2022 година, Комитетот на ОН за правата на детето, при разгледување на комбинираните од трети до шести периодични извештаи за Република Северна Македонија[23], изрази загриженост во неколку аспекти на заштитата на правата на детето во земјата и изрази жалење поради непостоењето на Акциски план во тоа време. Комитетот ја повика Владата да ги „интензивира напорите за развивање на сеопфатна политика и стратегија за децата кои ги покриваат сите области од Конвенцијата; да издвои соодветни човечки, технички и финансиски ресурси за нејзино спроведување; [и] да се погрижи децата и организациите кои работат на детските права да бидат вклучени во подготовката, имплементацијата и евалуацијата на политиките, стратегиите и акциските планови“[24] .

Понатаму, развојот на настаните во европскиот регион, како што е усвојувањето на Стратегијата на ЕУ за правата на детето во март 2011 година[25], проследено со Европската детска гаранција за борба против социјалната исклученост на децата во јуни 2021 година[26], како и Стратегијата на Советот на Европа за правата на детето (2022-2027)[27], дополнително ја зајакнаа рамката на европската политика, како и потребата за имплементирање на стандарди во правото и во пракса.

Европската детска гаранција е од особено значење за спроведувањето на овој НАП за правата на децата. На 24 март 2021 година, по консултации со клучните чинители, вклучително и самите деца, Европската комисија усвои предлог за Препорака на Советот за воспоставување на Европска детска гаранција, заедно со работен документ на службите. Советот ја усвои предложената Препорака на 14 јуни 2021 година.

Целта на Европската детска гаранција е да ја спречи и да се бори против социјалната исклученост преку гарантирање ефективен пристап на децата до група на клучни услуги:

---

[23] https://tbinternet.ohchr.org/_layouts/15/treatybodyexternal/TBSearch.aspx?Lang=en&TreatyID=5&CountryID=173&DocTypeID=29

[24] Комитетот на ОН за правата на детето, Заклучни согледувања за комбинираните од трети до шести периодични извештаи за Република Северна Македонија, UN Doc CRC/C/MKD/CO/3-6 (20 октомври 2022), https://tbinternet.ohchr.org/_layouts/15/treatybodyexternal/TBSearch.aspx?Lang=en&TreatyID=5&CountryID=173&DocTypeID=5 .

[25] Европска комисија, Стратегија за комуникација на ЕУ за правата на детето, COM (2021) 142 final, 24/3/2021, види https://commission.europa.eu/strategy-and-policy/policies/justice-and-fundamental-rights/rights-child/eu-strategy-rights-child-and-european-child-guarantee_en.

26 Препораки на Советот (EU) 2021/1004 од 14 јуни 2021 за воспоставување на Европска детска гаранција.

27 Совет на Европа, Стратегија за правата на детето (2022-2027), види https://www.coe.int/en/web/children/strategy-for-the-rights-of-the-child
https://www.google.com/url?sa=t&rct=j&q=&esrc=s&source=web&cd=&ved=2ahUKEwjj7ODTkIOFAxW76AIHHfmLDkoQFnoECBIQAQ&url=https://rm.coe.int/council-of-europe-strategy-for-the-rights-of-the-child-2022-2027-child/1680a5ef27&usg=AOvVaw2ZuFwat-wQ4ToitKem00qo&opi=89978449

(а) ефективен и бесплатен пристап до висококвалитетно образование и грижа за ран развој, образование и училишни активности, најмалку еден здрав оброк секој училишен ден и здравствена заштита;

(б) ефективен пристап до здрава исхрана и соодветно домување.

На земјите-членки им се препорачува да ги идентификуваат децата на кои им е потребна помош и во рамките на оваа група да ги земат предвид, каде што е соодветно при дизајнирањето на нивните национални мерки, специфичните неповолности што ги доживуваат, особено:

(а) децата бездомници или децата кои живеат во исклучително тешки станбени услови;

(б) децата со попреченост;

(в) децата со проблеми со менталното здравје;

(г) децата мигранти или од малцинско етничко потекло, особено Роми;

(д) децата во алтернативна, особено институционална грижа;

(ѓ) децата во несигурни семејни ситуации.

Додека повеќето деца во Република Северна Македонија веќе имаат пристап до овие услуги, инклузивниот и вистински универзален пристап е од витално значење за обезбедување еднакви можности за сите деца, а особено за оние кои се соочуваат со социјална исклученост поради сиромаштија или други форми на неповолна положба.

Следствено, овој Национален акциски план претставува обновена политичка определба, зајакната со конкретни мерки за да се обезбеди заштита и остварување на основните права на сите деца во Република Северна Македонија. Тој има за цел директно да ги поврзе меѓународните стандарди и инструменти, вклучувајќи ги препораките од Комитетот на ОН за правата на детето со проценка и анализа на потребите на правата на детето, вклучувајќи го, особено, и процесот на Европската детска гаранција.

Понатаму, важно е да се подвлече дека овој НАП за правата на децата нема да ги дуплира веќе постоечките стратешки документи и акциски планови во земјата поврзани со децата, туку повеќе се обидува да обезбеди комплементарност и синергија на таквите инструменти. Затоа, овој документ не опфаќа одредени клучни области кои се релевантни за заштитата на правата на децата, како што се децата во судир со законот, трговијата со деца и состојбата со децата мигранти, бидејќи соодветните инструменти веќе се усвоени од Владата на Република Северна Македонија. Поконкретно, овој комплементарен пристап се однесува на следните документи:

- Национална стратегија за превенција и правда за децата (2022-2027) [28] и Акциски план (2022-2026) [29],
- Национална стратегија (2020-2025) за превенција и заштита на децата од насилство[30],
- Национална стратегија за деинституционализација во Република Македонија 2018–2027 „Тимјаник" [31],
- Национална стратегија за млади 2023 – 2027[32] и Акциски план 2023 – 2025
- Национална стратегија за правата на лицата со попреченост 2023 – 2030 и Акциски план 2023 – 2026[33],
- Национална стратегија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција во РСМ и Национален акциски план за борба против трговијата со деца 2021-2025[34]
- Национална стратегија за образованието за 2018-2025 и Акциски план[35],
- Национален акциски план за заштита, промоција и исполнување на човековите права на жените и девојчињата Ромки 2022-2024[36]
- Национална стратегија за родова еднаквост 2022-2027[37]
- Национална стратегија за дроги на Република Северна Македонија 2021-2025[38]
- Национална стратегија за еднаквост и недискриминација 2022-2026 година[39]

---

28 http://ds77pdp.com.mk/wp-content/uploads/2022/09/Nacionalna-strategija.pdf
29 http://dspdp.com.mk/wp-content/uploads/2022/10/Akciski-plan.pdf
30 https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/strategija_za_zashtita_na_deca_od_site_formi_na_nasilstvo_2020-2025_so_akciski_plan_za_20120-2022.doc
31 https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/strategii/Strategii%202018/Strategija_deinstitucionalizacija_Timjanik_2018-2027.pdf
32 https://ams.gov.mk/mk/page/youth-strategies
33 https://ener.gov.mk/Default.aspx?item=newdocumentdetails&detalisId=61
34 https://www.google.com/url?sa=t&source=web&rct=j&opi=89978449&url=https://mvr.gov.mk/Upload/Editor_Upload/NACIONALNA-STRATEGIJA-MKD-ALB-ANG-25_10_2021.pdf&ved=2ahUKEwjD8IzzjdGGAxUxQ_EDHQBkAu8QFnoECBIQAQ&usg=AOvVaw1qJcYpseiPTBvdc8V09g9y
35 https://mon.gov.mk/download/?f=strategija-za-obrazovanieto-2018-2025.docx
36 https://www.google.com/url?sa=t&source=web&rct=j&opi=89978449&url=https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2022/N%25D0%2590P_za%2520zastita%2520promocija%2520i%2520ispolnuvanje%2520%2520na%2520cov.%2520prava%2520na%2520zenite%2520i%2520devoj%2520%2520Romki%252015.03.2022.pdf&ved=2ahUKEwit9uCfktGGAxV8BdsEHUhpAEoQFnoECBMQAQ&usg=AOvVaw34uaCjwkePWlpQFmGC_4BD
37 https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2022/strategija_/%D0%A1%D1%82%D1%80%D0%B0%D1%82%D0%B5%D0%B3%D0%B8%D1%98%D0%B0_%D0%B7%D0%B0_%D1%80%D0%BE%D0%B4%D0%BE%D0%B2%D0%B0_%D0%B5%D0%B4%D0%BD%D0%B0%D0%BA%D0%B2%D0%BE%D1%81%D1%82_2022_2027.pdf
38 https://www.google.com/url?sa=t&source=web&rct=j&opi=89978449&url=https://mvr.gov.mk/Upload/Editor_Upload/Strategija-za-drogi-mkd-final-version-1.pdf&ved=2ahUKEwiBtq3Qh9GGAxVNefEDHTasBZYQFnoECBEQAQ&usg=AOvVaw20FhlWTtSoGGTq-v3RYrfQ
39 https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2022/strategija_/%D0%9D%D0%B0%D1%86%D0%B8%D0%BE%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%B0%20%D1%81%D1%82%D1%80%D0%B0%D1%82%D0%B5%D0%B3%D0%B8%D1%98%D0%B0%20%D0%B0%20%D0%B5%D0%B4%D0%BD%D0%B0%D0%BA%D0%B2%D0%BE%D1%81%D1%82%20%D0%B8%20%D0%B

- Национална стратегија за ментално здравје за млади 2024-2026[40]
- Национален акциски план за ментално здравје и психосоцијална добросостојба на децата и адолесцентите 2024-2030[41]
- Национална стратегија за здравје 2021-2030[42]
- Стратегија за инклузија на Ромите 2023-2025, Стратегија за инклузија на Ромите 2022–2030[43]
    - Национален акциски план за спроведување на Стратегијата за инклузија на Роми 2023–2025 -приоритетна област – „Антициганизам“[44]
    - Национален акциски план за спроведување на Стратегијата за инклузија на Роми 2023–2025 -приоритетна област – Вработување и социјална инклузија[45]
    - Национален акциски план за спроведување на Стратегијата за инклузија на Роми 2023–2025 -приоритетна област –Граѓанска регистрација[46]
    - Национален акциски план за спроведување на Стратегијата за инклузија на Роми 2023–2025 -приоритетна област –Домување[47]
    - Национален акциски план за спроведување на Стратегијата за инклузија на Роми 2023–2025 -приоритетна област –Здравство[48]

D%D0%B5%D0%B4%D0%B8%D1%81%D0%BA%D1%80%D0%B8%D0%BC%D0%B8%D0%BD%D0%B0%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0%20%20%20%202022-2026.pdf

40 https://www.google.com/url?sa=t&source=web&rct=j&opi=89978449&url=https://nms.org.mk/wp-content/uploads/2024/01/%25D0%259D%25D0%25B0%25D1%2586%25D0%25B8%25D0%25BE%25D0%25BD%25D0%25B0%25D0%25BB%25D0%25BD%25D0%25B0-%25D1%2581%25D1%2582%25D1%2580%25D0%25B0%25D1%2582%25D0%25B5%25D0%25B3%25D0%25B8%25D1%2598%25D0%25B0-%25D0%25B7%25D0%25B0-%25D0%25BC%25D0%25B5%25D0%25BD%25D1%2582%25D0%25B0%25D0%25BB%25D0%25BD%25D0%25BE-%25D0%25B7%25D0%25B4%25D1%2580%25D0%25B0%25D0%25B2%25D1%2598%25D0%25B5-%25D0%25B7%25D0%25B0-%25D0%25BC%25D0%25BB%25D0%25B0%25D0%25B4%25D0%25B8-2024-2026.pdf&ved=2ahUKEwi4tvzphNGGAxU4bvEDHRJbAVgQFnoECBcQAQ&usg=AOvVaw3Eg0qnq3oadRyyg8ej_6ZX

41 https://zdravstvo.gov.mk/wp-content/uploads/2024/11/MON_SZ_AKTSISKI-PLAN-ZA-MENTALNO-ZDRAVJE.pdf

42 https://zdravstvo.gov.mk/wp-content/uploads/2021/12/19.11.-SZ-posledna-Konechna-Natsrt-Strategija-MKD.pdf

43 https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2022/Strategija%20za%20inkluzija%20na%20Romite%202022-2030%2003-02-2022%20finalna%20verzija.pdf

44 https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/dekada/NAP2023/%D0%9D%D0%90%D0%9F%20%D0%90%D0%BD%D1%82%D0%B8%D1%86%D0%B8%D0%B3%D0%B0%D0%BD%D0%B8%D0%B7%D0%B0%D0%BC.pdf

45 https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/dekada/NAP2023/%D0%9D%D0%90%D0%9F%20%D0%92%D1%80%D0%B0%D0%B1%D0%BE%D1%82%D1%83%D0%B2%D0%B0%D1%9A%D0%B5%20%D0%B8%20%D1%81%D0%BE%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%B0%20%D0%B8%D0%BD%D0%BA%D0%BB%D1%83%D0%B7%D0%B8%D1%98%D0%B0.pdf

46 https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/dekada/NAP2023/%D0%9D%D0%90%D0%9F%20%D0%93%D1%80%D0%B0%D1%93%D0%B0%D0%BD%D1%81%D0%BA%D0%B0%20%D1%80%D0%B5%D0%B3%D0%B8%D1%81%D1%82%D1%80%D0%B0%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0.pdf

47 https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/dekada/NAP2023/%D0%9D%D0%90%D0%9F%20%D0%94%D0%BE%D0%BC%D1%83%D0%B2%D0%B0%D1%9A%D0%B5.pdf

48 https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/dekada/NAP2023/%D0%9D%D0%90%D0%9F%20%D0%97%D0%B4%D1%80%D0%B0%D0%B2%D1%81%D1%82%D0%B2%D0%BE.pdf

- Национален акциски план за спроведување на Стратегијата за инклузија на Роми 2023–2025 -приоритетна област –Култура[49]
- Национален акциски план за спроведување на Стратегијата за инклузија на Роми 2023–2025 -приоритетна област –Образование[50]

Правата на децата се инкорпорирани во различни стратешки документи во РСМ. Поради тоа различни институции се задолжени за координација и спроведување на одредени активности и мерки предвидени во стратешките документи. Затоа, НАП за правата на децата има за цел да воспостави независен инструмент за мониторирање, кој ќе обезбеди холистички пристап за имплементацијата на правата на детето во Република Северна Македонија, во согласност со КПД.

**Приоритетни области опфатени во НАП за правата на децата (2025 – 2029)**

Врз основа на опсежни консултации со широк опсег на државни институции и граѓански организации, вклучувајќи ги и децата, идентификувани се осум приоритетни области на дејствување за заштита на правата на децата. Секоја од овие области содржи цели и конкретни мерки за постигнување на овие цели, надополнети со дополнителни информации за временската рамка, водечките институции за спроведување, можните партнери, проценки за влијанието на буџетот, како и индикатори за верификација на исходот. Севкупно, НАП за правата на децата во Република Северна Македонија опфаќа вкупно 40 мерки и 131 активност.

Во суштина, НАП за правата на децата се заснова на фундаменталните принципи содржани во КПД, кои служат ако камен-темелник за сите дејствија и заложби кои се преземаат во рамките на неговата надлежност. Овие принципи, расчленети во четири сеопфатни столбови, го сочинуваат етичкиот компас кој го води секој аспект на имплементацијата на НАП за правата на децата:

1. **Најдобриот интерес на детето:** НАП за правата на децата функционира со цврста посветеност да се даде приоритет на најдобриот интерес на детето во секој процес на донесување одлуки и формулирање и спроведување политики. Овој принцип кој е втемелен во членот 3(1) од КПД, ја нагласува огромната важност на тоа да се земат предвид индивидуалните потреби, перспективи и права на децата во сите релевантни прашања, со што ќе се обезбеди нивна заштита, развој и севкупна добросостојба.
2. **Учество на децата:** Централно место во НАП за правата на децата зазема признавањето на децата како активни субјекти во нивните животи и во поширокото општество. Во согласност со член 12 од КПД, НАП се залага за вроденото право на децата слободно да ги изразуваат своите ставови, мислења

[49]https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/dekada/NAP2023/%D0%9D%D0%90%D0%9F%20%D0%9A%D1%83%D0%BB%D1%82%D1%83%D1%80%D0%B0.pdf
[50]https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/dekada/NAP2023/%D0%9D%D0%90%D0%9F%20%D0%9E%D0%B1%D1%80%D0%B0%D0%B7%D0%BE%D0%B2%D0%B0%D0%BD%D0%B8%D0%B5.pdf

и аспирации, и се труди да создаде инклузивни платформи каде што нивниот глас не само што ќе се слуша, туку и ќе им се оддаде должна почит и внимание во процесите на одлучување.

3. **Недискриминација и еднаквост:** Втемелен во член 2 од КПД, принципот на недискриминација ја формира основата на НАП за правата на децата, кој се залага за елиминација на сите форми на дискриминација и нееднаквости, исто така често пати изразени како стереотипи, кои ги поткопуваат правата и достоинството на децата. НАП за правата на децата ги опфаќа различностите и инклузивноста, стремејќи се да создаде поволна средина каде секое дете, без разлика на потеклото, етничка припадност, религија, пол, попреченост или кој било друг статус, ужива еднакви можности, заштита и пристап до ресурси и услуги. Сите мерки и индикатори поврзани со аналитички и истражувачки елементи и различни видови на обуки, во рамки на овој НАП за правата на децата, подразбираат користење на родово-сензитивен и интерсекциски пристап[51], што кореспондира со постојните стратешки документи и правната рамка на Република Северна Македонија и Европската унија, како што е Националната стратегија за родова еднаквост, Европската стратегија за правата на детето (2021-2024), Стратегијата на ЕУ за родова еднаквост 2020-2025 година и Европската конвенција за заштита на човековите права.

4. **Право на живот, опстанок и развој:** како егзистенцијален предуслов за заштита на секое право, членот 6 од КПД го прокламира правото на живот на секое дете и обврските на државите да „обезбедуваат, во најголема можна мерка, опстанок и развој на детето". Со својот силен фокус на здравјето, соодветен стандард на живеење и инклузивно образование, НАП за правата на децата обезбедува јасни одговори за решавање на овие општи принципи.

Во суштина, овој НАП ја надминува обичната реторика на политиките, отелотворувајќи цврста посветеност да се преточат овие четири принципи во опипливи дејства и резултати кои го поттикнуваат севкупниот развој, добросостојбата и зајакнувањето на секое дете, поставувајќи ја основата за поправедно, правично и просперитетно општество за идните генерации.

На тој начин, овој НАП ги препознава и заштитува правата на сите деца, што води кон еднаква и инклузивна поддршка за секое дете во општеството, но и подразбира дека

[51] Во пракса, родово-сензитивниот интерсекциски пристап во акцискиот план за правата на децата значи признавање дека девојчињата и момчињата можат да се соочат со различни предизвици и, истовремено, обезбедување еднаков пристап до можности и заштита за сите деца, независно од нивниот социјален статус, возраст, пол, етничка припадност, место на живеење, или други фактори. На тој начин, НАП за правата на децата се труди да ги земе предвид специфичните предизвици со кои се соочуваат девојчињата и момчињата од различни средини и да овозможи разбирање на различните искуства кај децата кои припаѓаат на маргинализирани групи, што секако влијае и на начинот на кој тие се перципирани во општеството и на нивниот пристап до соодветни здравствени услуги и образование. Притоа, за соодветно следење на состојбите, неопходни се индикатори што овозможуваат системско собирање на споредливи и расчленети податоци, како и табели со вкрстени податоци што јасно укажуваат на различните влијанија или на нееднаквостите. Оттаму, во рамки на секоја активност, неопходно е да се изготвуваат табеларни прегледи што јасно укажуваат на профилот на деца или учесници и истовремено ги почитуваат начелата за доверливост и анонимност, во склад со законите за приватност и заштита на податоци.

нивните разлики ќе бидат земени предвид при подготовка, спроведување, следење и оценување на наведените мерки и активности поврзани со правата на децата.

Во продолжение, пред да се претстави соодветниот сет на мерки и активности, секоја од осумте приоритетни области е претставена со кратки објаснувања за релевантните меѓународни стандарди и обврски за правата на детето, вклучувајќи ги препораките на Комитетот на ОН за правата на детето за Република Северна Македонија (Заклучни согледувања за 2022 година), како и релевантните Цели за одржлив развој и Европската детска гаранција.

## 1. Детска сиромаштија (членови 26 и 27 КПД)

Оваа приоритетна област има за цел да им обезбеди соодветен животен стандард на сите деца во земјата, преку сеопфатни мерки за справување со детската сиромаштија. Според член 27 од КПД, државите се обврзани „да го признаат правото на секое дете на животен стандард кој е соодветен на физичкиот, менталниот, духовниот, моралниот и социјалниот развој на детето“. КПД ја нагласува примарната одговорност на родителите да обезбедат такви услови за живот, но исто така бара од државите потписнички да ги поддржуваат родителите во случај на потреба, вклучително и во однос на исхраната, облеката и домувањето, но и во однос на финансиските обврски на родителите кон децата. Ова понатаму е надополнето со одредби за да се обезбеди пристап на детето до социјална сигурност, како што се мерките за социјално осигурување (член 26 КПД). Како и сите други стандарди на КПД, мерките за обезбедување соодветен животен стандард не смеат да доведат до дискриминација (член 2 КПД) - напротив, државите потписнички мора проактивно да ги преземат сите соодветни мерки за да спречат каква било дискриминација на децата врз основа на кој било статус (пол, потекло, попреченост, припадност на малцински групи итн.).

Следствено, ова поглавје на НАП вклучува мерки не само за подобро разбирање на постоечките предизвици, туку и за ефективно подобрување на условите за живеење на децата и семејствата, зајакнување на родителските вештините, спречување на недостаток на правна документација за децата (види, исто така, чл. 7 и 8 КПД) и посветување внимание на децата на улица. Дополнително, во мерките се вградени родовата и интерсекциската перспектива, со цел да се идентификуваат и адресираат родовите аспекти на сиромаштијата и сите интерсекциски нееднаквости. Интерсекцискиот пристап овозможува подобро да се разберат и соодветно да се адресираат нееднаквостите што произлегуваат од различните социјални и политички аспекти на личноста. Ова е особено важно за децата и поединците кои истовремено можат да се соочат со повеќе форми на експлоатација или маргинализација, поради повеќеслојни бариери во пристапот до неопходните општествени добра и услуги, што мораат да се земат предвид во секоја анализа на нееднаквоста или во стремежот за обезбедување социјална правда за сите. Овој пристап има за цел да даде препораки за надминување на овие разлики и подобрување на квалитетот на животот и

добросостојбата на сите деца, без разлика на нивниот пол, возраст, попреченост, етничка припадност, регион или други социо-економски карактеристики.

Преку мерките опишани подолу, оваа област има за цел да придонесе за имплементација на Целта за одржлив развој/таргет 1.3 („да се спроведат соодветни национални системи и мерки за социјална заштита за сите, […], а заклучно со 2030 година да се постигне значителен опфат на сиромашните и ранливите", вклучувајќи ги и децата; види и ЦОР/ таргет 16.9: „до 2030 година да се обезбеди правен идентитет за сите, вклучително и евиденција на родените"), хоризонталната цел во ЦОР за постигнување родова еднаквост преку решавање на родовите аспекти на сиромаштијата и нееднаквоста; како и конкретните препораки од 2022 година на Комитетот за правата на детето (Заклучни согледувања). Од особена релевантност овде се ставовите 21а (Да се осигури дека заведувањето на раѓање и издавањето извод од матичната книга на родените се бесплатни) и 34 („да обезбеди соодветен и одржлив животен стандард за сите деца на територијата на државата, особено за семејствата кои припаѓаат на етничките малцински групи и оние кои живеат во руралните области"; во дополнение: понатамошно идентификување на основните причини, преглед на системот за социјална заштита, ажурирање на политиките против сиромаштијата и справување со влијанието на КОВИД-19).

## 2. Граѓански права и слободи (членови 7, 8, и 13–17 КПД)

Едно од трајните достигнувања на КПД е нејзиниот сеопфатен, холистички пристап, кој не ги смета децата како слаби, незрели објекти на грижа од страна на нивните родители, туку како компетентен носител на човековите права. Главниот предизвик во воспитувањето на децата и развојот на детето лежи во адекватното балансирање на потребите за детска заштита и детската автономија, како дел од динамичниот однос помеѓу децата и нивните родители/старатели, почитувајќи ги капацитетите на детето кои постојано се развиваат (член 5 КПД). Следствено, КПД не ги вклучува само правата на заштита, туку ги интегрира и општите граѓански и политички права во својот каталог на правата на детето, вклучувајќи го и правото на слобода на говор и пристапот до информации (член 13, 17), слободата на мислата, совеста и религијата (чл. 14), слободата на здружување и собирање (член 15), почитување на приватноста на детето (член 16), и, пред сѐ, правото на детето на учество во сите релевантни процеси на одлучување (член 12 КПД): „право да ги изразат слободно ставовите за сите прашања што го засегаат детето, при што на ставовите на детето им се дава соодветна тежина во согласност со возраста и зрелоста на детето"; „на детето особено ќе му се обезбеди можност да биде сослушано во која било судска и управна постапка која влијае на детето, било директно, или преку претставник или соодветно тело", ( Генерален коментар на Комитетот за правата на детето бр. 12 (2009)).

На пример, во последниве години, загриженоста на младите за климатските промени и нивното влијание врз општеството, вклучително и од меѓугенерациска перспектива, доведе до глобални движења на деца кои се залагаат за нивните права во однос на

заштитата на животната средина (види Генерален коментар на Комитетот за правата на детето бр. 26 (2023)).

Со цел адекватно да се рефлектираат овие случувања и да се подобрат можностите за учество на децата, оваа приоритетна област на НАП за правата на децата комбинира две главни цели, зголемување на средствата за директно вклучување на децата во развојот на политиките, како и обезбедување на правото на детето на здрава животна средина. Покрај тоа, овие цели обезбедуваат почитување на водечките принципи за родово еднакво учество и вклучување, застапеност и глас на различни групи деца од различно социо-економско потекло (вклучувајќи деца со попреченост, деца со различна етничка припадност, деца од различни региони итн.). Овие мерки се исто така во согласност со обврските на Република Северна Македонија кон ЦОР/ таргет 13.2 („да се интегрираат мерки за климатски промени во националните политики, стратегии и планови“) и таргет 13.3 („да се подобри образованието, да се подигне свеста и човечките и институционалните капацитети за ублажување на климатските промени, за адаптација, за намалување на влијанието и рано предупредување“), и цел 5 во ЦОР за постигнување родова еднаквост и еманципација на жените и девојчињата.

Во своите препораки за Република Северна Македонија од 2022 година, Комитетот за правата на детето, исто така, повикува на понатамошно подобрување на инструментите за учество на децата (види Заклучни согледувања, став 20: повеќе простор за значајно учество на децата, вклучително во постапки и во училиштата, борба против предрасудите против учество на децата, обезбедување обука за стручните лица).

### 3. Насилство врз децата (членови 19, 24 (3), 28 (2), 34, 37 (а) и 39 КПД)

Заштитата на децата од насилство претставува едно од основните права на секое дете. За жал, сепак, насилството останува да биде сериозна реалност за милиони деца во светот, оставајќи долгорочни последици врз нивниот развој, здравје и благосостојба. Конвенцијата за правата на детето претставува еден од највлијателните меѓународни инструменти во заштитата и превенцијата на децата од насилство, поаѓајќи од најдобриот интерес на детето. КПД придонесе поголем број на земји да пристапат кон примена на различни мерки и активности за превенција и заштита на децата од насилство, вклучувајќи ја и забраната за користење на физичкото казнување на децата. Состојбите на ранливост предизвикани од нееднаквите односи на моќ се главниот фактор кој придонесува за повреда на било кое човеково право. Оние кои се грижат за децата, вклучително и родителите, може да ја злоупотребат нивната позиција на доверба и одговорност, што е потврдено и преку истражувања и широко распространети извештаи во јавните медиуми за физичко насилство врз децата, понижување и запоставување, сексуална злоупотреба и експлоатација, вклучително и преку интернет. Односите на моќ и социјалните норми играат улога и меѓу самите деца, што се потврдува со зголемената појава на сајбер булингот и врсничкото насилство, вкучително и врсничко родово базирано насилство.

КПД поставува многу јасни стандарди за заштита на сите деца од „сите форми на физичко или ментално насилство, повреда или злоупотреба, занемарување или несовесно постапување, малтретирање или експлоатација, вклучително и сексуална злоупотреба“ (член 19 КПД); бара од државите потписнички да имплементираат сеопфатна легислатива со која се забранува секаков вид на насилството (Општ коментар за КПД на ОН бр. 13 (2011) за ослободување од сите форми на насилство). Понатаму, КПД содржи дополнителни одредби за ставање крај на економската експлоатацијата на децата (член 32 од КПД, како и Факултативниот протокол за продажба на деца, детска проституција и детска порнографија). Членот 39 од КПД ги утврдува обврските на државата за обезбедување пристап до рехабилитација и третман на сите деца жртви на насилство и експлоатација.

Иако Република Северна Македонија има усвоено законодавство за забрана на физичкото казнување на децата, постојат многу предизвици во врска со различни (други) форми на насилство во правото и праксата.

Оваа приоритетна област на НАП за правата на децата предвидува сеопфатен сет на цели и мерки, кои ќе обезбедат родово сензитивна поддршка на децата жртви и сведоци на насилство и ќе обезбедат правна заштита, ќе ги проценат нивоата и ќе се осврнат на врсничкото насилство, ќе ја подигнат јавната свест за „ нулта толеранција“ за насилство врз децата, зајакнување на родителските вештини за обезбедување безбедна домашна средина, забрана на детски бракови, подобрено собирање податоци и зајакнување на капацитетите на системот за заштита на децата во Република Северна Македонија. НАП посветува посебно внимание на превенција и заштита од родово базирано насилство и семејно насилство врз децата, вклучувајќи го тука и родово базираното насилство потпомогнато од технологијата (дигитално насилство) како брзо растечка закана. Мерките и активностите имаат за цел да дадат сеопфатен преглед на обемот и формите на родово базираното насилство и семејното насилство врз децата, вклучително и неговата дигитална димензија, да ја подигнат јавната свест, да испорачаат прилагодени едукативни програми за превенција и заштита за децата од основно и средно образование и прилагодени едукативни програми за наставниците, родителите, полицијата и мултисекторските тимови на локално ниво и други релевантни чинители. Понатаму, мерките вклучуваат подобрување на капацитетите на институциите и социјалните услуги за работа со деца жртви и сведоци на насилство, вклучувајќи и родово базирано и семејно насилство, и дигиталното насилство.

Овие мерки ќе ја нагласат посветеноста и на целите за одржлив развој (ЦОР таргети 5.2: „да се елиминираат сите форми на насилство врз жени и девојчиња во јавната и во приватната сфера, вклучително и трговијата со луѓе, сексуална и друг вид експлоатација“, 5.3: „да се елиминираат сите штетни појави, како што се присилни бракови со деца, бракови во рана возраст и генитално осакатување на женската популација“), 16.1: „значително да се намалат сите форми на насилство и стапките на смртност“, 16.2: „да се стави крај на злоупотребата, експлоатацијата, трговијата и на сите форми на насилство и измачување на децата“) и на препораките од 2022 година

на Комитетот за правата на детето за Република Северна Македонија (види Заклучни согледувања, ставови 16/детски брак, 24-26/насилство врз децата: обновување на Акцискиот план, зајакнување на капацитетите на социјалните служби, прилагодување на постапките за деца жртви на насилство, справување со врсничкото насилство и штетните практики, вклучително и детските бракови).

## 4. Семејна средина и алтернативна грижа (членови 5, 9–11, 18, ставови 1 и 2, 20, 21, 25 и 27, став 4 КПД)

Неколку одредби на КПД јасно кажуваат дека родителите имаат примарна одговорност за воспитувањето на децата. Само во ситуации кога од одредена причина родителите не се во состојба да ја исполнат оваа задача, што претставува ризик за најдобриот интерес на детето (насилство, запоставување, експлоатација), државните органи имаат право и обврска да интервенираат и да преземат мерки за понатамошна заштита на детето (види членови 5, 9, 18, 20, 21 од КПД). Дел од оваа обврска на државата вклучува разгледување на опции за алтернативна грижа во ситуации кога децата треба да бидат одвоени од родителите – ова може да вклучува достапност на згрижувачки семејства, давање на децата на посвојување или нивно сместување во соодветна установа (чл. 20, 21 од КПД). КПД содржи и дополнителни стандарди за алтернативна грижа, вклучително и во областа на посвојувањето (чл. 21), особено во однос на најдобриот интерес на детето во постапката за посвојување, вклучувајќи го и прекуграничното, меѓу-државно посвојување. Покрај тоа, член 7 од КПД вели дека ако тоа е можно детето има „право да знае кои му се родители и право тие да се грижат за него".

Токму поради овие причини, Комитетот за правата на детето изрази загриженост во својата проценка за заштитата на правата на децата во Република Северна Македонија од 2022 година, во врска со „практиката на тајно посвојување", препорачувајќи им на властите „да донесат законодавство и други мерки за да се обезбеди зачувување и пристап до информации за потеклото на посвоеното дете и за идентитетот на биолошките родители" (Заклучни согледувања, став 22).

Последователно на ова, главната цел и мерките во НАП за правата на детето се однесуваат на ова прашање, со тоа што е предвидена измена на Законот за семејство, со која на децата им се гарантира пристап до информации за биолошките родители. Покрај тоа, НАП вклучува конкретни цели и мерки за развој и имплементација на стратегија за поддршка на родителството, поддршка за враќање на децата назад во нивните биолошки семејства, поддршка на преминот на децата од алтернативна грижа кон независно живеење, подобрување на капацитетите за згрижувачките семејства, како и за собирање податоци во областа на алтернативната грижа. Овие активности, исто така, ќе придонесат за решавање на состојбата со децата во алтернативна грижа, како и за пристап до грижа и образование во раното детство, како што е предвидено во Европската детска гаранција.[52]

[52] Препораки на Советот 2021/1004, Препораки 5 и 7.

5. **Деца со попреченост (чл. 23 КПД)**

Еден од клучните елементи на пристапот базиран на човекови права кон развојот на која било политика, се однесува на принципот на еднаквост и недискриминација. Заштитата на човековите права се фокусира на решавањето на состојбите и правата на дискриминираните групи, на оние кои се исклучени од главниот пристап до услугите и програмите, на оние кои се соочуваат со многукратни бариери кои општеството ги создава и поддржува. Децата со попреченост се соочуваат со многу такви бариери, некои од физичка природа, кои ја ограничуваат мобилноста и едноставниот пристап до објектите, други преку дискриминаторски стереотипи и ставови.

Членот 23 од КПД (види и Генерален коментар за КПД бр. 9 (2006), во комбинација со Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост од 2006 година) повикува на различен тип на општество, кое е инклузивно за сите негови членови: сите деца, вклучително и децата со попреченост, имаат право да „уживаат целосен и пристоен живот, во услови кои обезбедуваат достоинство, промовираат самодоверба и го олеснуваат активното учество на детето во заедницата“. Посебните потреби на децата со попреченост се признати и тие даваат право на одредени форми на помош, вклучувајќи поддршка за родителите, како и пристап до услуги, вклучително и пристап до образование, без одвојување и сегрегација од другите деца. При проценката на состојбата во Република Северна Македонија, Комитетот за правата на децата идентификуваше неколку области на загриженост за вклучување на децата со попреченост, со соодветни препораки за подобрување (види Заклучни согледувања, став 29: подобрување на собирањето податоци, зајакнување на деинституционализацијата, обезбедување инклузивно образование, справување со архитектонските бариери и мобилност, како и мултидисциплинарното прашање во семејната грижа, заштита од насилство и превенција на сиромаштијата). Покрај тоа, инклузивното образование е посебно обработено во ЦОР таргет 4.а („да се изградат и да се подобрат школските објекти кои ќе бидат приспособени на барањата на децата, лицата со попреченост и ќе ги земаат предвид родовите разлики обезбедувајќи безбедна, ненасилна, инклузивна и ефективна средина за учење за сите”).

Како последица на тоа, НАП за правата на децата наведува една главна цел во оваа приоритетна област, фокусирајќи се на подобрување на социјалните услуги за децата со попреченост во заедницата, обезбедувајќи интерсекциски и родово одговорен пристап, на локално ниво. Дополнително, оваа цел треба да се гледа во врска со слични мерки кои имаат за цел да обезбедат вклучување на децата во образованието (приоритетна област 7) и подобрување на здравствените услуги (приоритетна област 6). Овие активности дополнително ќе ја зајакнат имплементацијата на неколку

препораки (кои се однесуваат на состојбата на децата со попреченост, инклузивна рана детска грижа и образование и заштита) на Европската детска гаранција. [53]

## 6. Здравје (чл. 6, 18 (3), 24, 26, 27 (1)-(3) и 33 КПД)

Пандемијата со КОВИД-19 создаде предизвици за општествата ширум светот од невидени размери, со огромен број луѓе кои починаа од вирусот, наметнување на тешки ограничувања на приватниот и социјалниот живот, полициски час, затворање на главните сегменти од економијата и јавниот и културниот живот и затворањето на училишта за илјадници деца. Во исто време, пандемијата ги направи видливи веќе постоечките недостатоци во здравствениот систем, и дополнително ги зголеми потребите за обезбедување услуги за ментално здравје, особено за децата.

Спроведувањето на член 24 од КПД за „правото на детето да го ужива највисокиот достижен стандард на здравје" подразбира потреба од сеопфатен пристап, кој оди многу подалеку од отсуството на болести или пандемии. Потребни се мерки кои се движат од пристап до чиста вода за пиење и пристап до санитарни услуги, до мерки кои се однесуваат на намалување на смртноста на децата и обезбедување на најсовремени здравствени услуги и превентивна здравствена заштита, како и справување со штетните традиционални практики (види, исто така, Генерални коментари на Комитетот за правата на детето бр. 15 (2013) за правото на детето на здравје, бр. 4 (2003) за здравјето на адолесцентите и бр. 18 (2014) за штетни практики). Тоа е тесно поврзано и со одговорноста на државата да обезбеди сеопфатен систем за социјално осигурување (член 26 од КПД), но исто така и заштитни мерки за обезбедување еднаков пристап и достапност на сите деца до здравствените услуги (член 2 од КПД).

Оваа приоритетна област на НАП има за цел да ги подобри статусот и правата на децата како пациенти генерално, обезбедувајќи родово сензитивен и интерсекциски пристап, да го подобри нивото на имунизација, подобрување на пристапот до лекови за децата преку зголемување на лековите кои се наоѓаат на позитивната листа и зголемување на капацитетите на аптеките во земјата, особено во руралните области, подобрување на пристапот до здравствена заштита и услуги на локално ниво за деца од ранливи и маргинализирани групи, подобрување на едукацијата за менструално здравје и пристапот до санитарни простории во училиштата, обезбедување на бесплатни менструални и санитарни производи за девојчиња, инвестирање во помошни технологии за деца со попреченост, намалување на зависноста од дрога и други психотропни супстанци кај децата и подобрување на менталната добросостојба на децата и младите и подобрување на квалитетот на исхраната на децата.

Мерките содржани во ова поглавје силно ќе придонесат за заложбите на Република Република Северна Македонија за исполнување на Целите за одржлив развој (ЦОР таргети 3.2: намалување на смртноста кај новороденчињата и децата, 3.5: "да се

[53] Препораки на Советот 2021/1004, Препораки 5, 7 и 8.

подобри превенцијата и лекувањето на злоупотребата на супстанции, вклучително и злоупотребата на наркотични droги и штетното користење алкохол", 3.7: "до 2030 година да се обезбеди универзален пристап до услугите за полово и репродуктивно здравје, вклучително и за планирање на семејството, информирањето и едукацијата, како и да се интегрира репродуктивното здравје во националните стратегии и програми", 3.8: "да се постигне универзално здравствено осигурување, вклучувајќи и заштита од финансиски ризик, пристап до квалитетни основни здравствени услуги и пристап до безбедни, ефективни, квалитетни и достапни основни лекови и вакцини за сите", и 5.6: " Да се осигура универзален пристап до правото за обезбедување на половото и на репродуктивното здравје, во согласност со Програмата за акција на Меѓународната конференција за население и развој и Пекиншката платформа за акција и документите кои се резултат на овие конференции"). НАП исто така ќе обезбеди имплементација на препораките на Комитетот за правата на детето од 2022 година за Република Северна Македонија (види Заклучни согледувања, ставови 31-33/подобрени специјализирани здравствени услуги за мајки и деца, намалување на смртноста кај децата, зголемување на опфатот со вакцинација на децата, поддршка на доењето, промовирање здрави животни стилови/решавање на проблемот со дебелината кај децата, грижа за сексуалното и репродуктивното здравје на адолесцентите, третман на злоупотреба на дроги кај децата).

Понатаму, оваа приоритетна област е директно поврзана со адресирање на областите на здрава исхрана на Европската детска гаранција. [54] На крајот мерките кои се предвидени во оваа област ќе го поддржат исполнувањето на целите кои се поставени од Европската детска гаранција во полето на услуги за здравствена заштита. [55]

## 7. Образование (членови 28–31)

Друга клучна приоритетна област за заштита на правата на детето е правото на детето на образование. Член 28 од КПД ги поставува основните стандарди за основното и средното образование, како и високото образование. Бара мерки за спречување на напуштањето на училиштето, и ги надополнува општите одредби за правата на детето за заштита од насилство, со конкретна изјава дека училишната дисциплина, исто така, треба да ги земе предвид достоинството на детето и стандардите за правата на детето со кои се забранува употреба на каква било форма на насилство врз децата (види, исто така, член 19 од КПД и Генерален коментар на Комитетот за правата на детето бр. 13 (2011) за ослободување од сите форми на насилство). Членот 29 содржи сет на цели на образованието за развивање на „личноста на детето, талентите и менталните и физичките способности до нивниот максимален потенцијал", вклучително и преку промовирање на образованието за човекови права, почитување на родителите, идентитетот и културата, како и почитувањето на природната средина, со цел да се подготви детето за „одговорен живот во слободно општество, во духот на разбирање,

[54] Препорака на Советот 2021/1004, Препорака 9.
[55] Препорака на Советот 2021/1004, Препорака 8.

мир, толеранција, еднаквост на половите и пријателство меѓу сите народи, етнички , национални и религиозни групи и лица од автохтоно потекло“ (член 29 од КПД, види исто така Генерален коментар на Комитетот за правата на детето бр. 1 (2001) за целите на образованието).

Тесно поврзано со правото на детето на образование е правото на детето на одмор и игра и учество во уметноста и културата (член 31 од КПД), како важен аспект од развојот на детето. Освен тоа, член 30 од КПД бара почитување на децата кои припаѓаат на етничките, верските или јазичните малцинства во однос на нивната култура, религија или јазик. На меѓусекторско ниво, поврзано со недискриминацијата (член 2 од КПД), специфичните одредби во КПД (чл. 23), како и стандардите според Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост (2006) повикуваат на сеопфатни мерки за да се обезбеди инклузивно образование за децата со попреченост.

Ова поглавје зема предвид неколку од овие стандарди, преку зголемување на предучилишните капацитети во земјата, подобрување на еднаков пристап на сите деца до квалитетно инклузивно образование, подобрување на квалитетот на наставниот материјал, подобрување на образовниот процес преку подобрување на пристапот до интернет и електронски уреди (компјутери, таблети итн.) за деца од ранливи групи, обезбедување дополнителна поддршка за подобрување на образовните достигнувања во училиште, обезбедување пристап до квалитетно образование и во воспитно-поправните установи, воведување сексуално и репродуктивно образование за учениците во училиштата, зајакнување на капацитетите на стручните тимови во училиштата за родова сензитивност и интерсекциска свест и развивање ресурси за зајакнување на капацитетите за психосоцијална поддршка во училиштата.

Се очекува овие мерки да придонесат за исполнување на ЦОР 4 за квалитетно образование, конкретно таргети 4.1 („До 2030 година да се осигура дека сите девојчиња и момчиња стекнале бесплатно, еднакво и квалитетно основно и средно образование, што понатаму ќе овозможи постигнување соодветни и делотворни резултати“, 4.2 („До 2030 година да се осигура дека сите девојчиња и момчиња имаат пристап до квалитетен ран детски развој, грижа и предучилишно образование, како подготовка за основно образование“), 4.5 („До 2030 година да се елиминираат родовите разлики во образованието и да се обезбеди еднаков пристап до сите нивоа на образование и стручна обука за ранливите граѓани, вклучително и за лицата со посебни потреби, староседелците и децата во ранлива состојба“), 5.6 („Да се осигури универзален пристап до правото за обезбедување на полово и на репродуктивно здравје, во согласност со Програмата за акција на Меѓународната конференција за население и развој и Пекиншката платформа за акција и документите кои се резултат на овие конференции“), како и, повторно за ЦОР таргет 3.7 за репродуктивното здравје и образование.

Понатаму, преку преземањето мерки како што е предвидено во НАП, ќе се имплементираат и релевантните препораки на Комитетот за правата на детето за Република Северна Македонија во полето на образованието (Заклучни согледувања 2022, став 35/образование: фокус на поддршка на рана грижа за децата,

маргинализирани групи, поголем упис во средно образование, помалку отпишувања од училиште, зајакната обука за наставниците и ставови 29 и 30/инклузивно образование за деца со попреченост). Најпосле, овој сет на мерки на НАП значително ќе го зајакне „целисходниот и слободен пристап кон квалитетно образование и грижа на децата од рана возраст, образованието и училишните активности” во однос на Европската детска гаранција. [56]

## 8. Зајакнување на капацитетите на државата за ефективно спроведување и следење на правата на детето

Со ратификацијата на КПД во 1993 година, Република Северна Македонија се согласи на сеопфатен сет на обврски за спроведување на широк спектар на стандарди, како што се учество на децата, заштита на децата, пристап до здравство и образование. Членот 4 од КПД предвидува основна, структурна и организациска обврска за „преземање на сите соодветни законодавни, административни и други мерки за остварување на правата признати во оваа Конвенција“. Важно е да се забележи дека таквиот акциски пакет, според тоа, не е ограничен само на правна реформа, туку бара од државите потписнички да преземат мерки во сите области под нивна контрола - ова вклучува развој на стратегија и акциски планови, координација помеѓу различни владини сектори, на централно и локално ниво, преглед на буџетските планирања и приоритети, мерки за поддршка на обуката за стручните лица (наставници, социјални работници, полиција итн.), информации и подигање на јавната свест, собирање податоци и истражување, соработка со граѓанското општество, вклучително и организациите за правата на децата и самите деца, како и независно, ефективно следење на преземените мерки, вклучително и индикатори засновани на правата (види, исто така, Генерален коментар на Комитетот за правата на детето бр. 5 (2003) за општите мерки за имплементација). Понатаму, обврските за човековите права се обврски на процес и резултати, што бара постојана проценка на фактичкото влијание на сите овие мерки во однос на нивната ефикасност во практиката.

Оваа приоритетна област на НАП се однесува на два клучни аспекти на капацитетите на државата за заштита на правата на децата, поконкретно, формирање на механизам за надзор над спроведувањето на Конвенцијата за правата на детето и воспоставување на ефикасен систем за прибирање и анализа на податоци (обезбедување индикатори и расчленети податоци по пол, возраст, попреченост, квинтили за богатство/приход и други релевантни фактори), следење на состојбата со правата на децата во насока на креирање на политики и услуги засновани на родово одговорни докази. Овие мерки ќе рефлектираат и неколку организациски и структурни препораки од 2022 година на Комитетот за правата на детето во врска со Република Северна Македонија (Заклучни согледувања, ставови 8/Национален акциски план, 9 и 10/координација, 11/ресурси, 12/прибирање на податоци, 13/независен мониторинг, 14/обука и 15/соработка со граѓанското општество). Овие мерки исто така ќе ги зајакнат заложбите на Република

[56] Препораки на Советот 2021/1004, Препораки 4 и 7.

Северна Македонија кон ЦОР 16 за владеење на правото и одговорно владеење, вклучително таргет 16.10 за заштита на основните човекови права („Да се обезбеди пристап на јавноста до информации и заштита на основните права и слободи во согласност со националното законодавство и меѓународните договори“).

Конечно, оваа приоритетна област на НАП ќе одговори на клучните препораки во рамките на Европската детска гаранција, кои наложуваат воспоставување силна рамка за политики за мерки насочени кон децата на кои им се потребни и спречуваат социјално исклучување, како и за следење и евалуација. [57]

[57] Препораки на Советот 2021/1004, Препораки 6, 11 и 12.

| Приоритетна област 1: Детска сиромаштија | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Посебна цел:**<br><br>**Намалување на сиромаштијата кај децата** | | | **Показател на исход:** | | **Појдовна основа** | **Таргет 2029 год.** |
| | | | Процент на деца кои живеат под националната стапка на детска сиромаштија | | 32,7% во 2021 год.[58] | Намалување на процентот под 30 |
| **Мерка 1** | **Активности** | **Временски период** | **Водечка институција/**<br><br>**Партнери** | **Процена на потребните средства** | **Извор на финансирање** | **Показател на резултат (поврзан со мерката/активноста)** |
| 1.1. Мерење и справување со детската сиромаштија и социјалната исклученост | 1.1.1. Изработка на анализа и развој на план со мерки и активности насочени кон намалување на сиромаштијата кај децата и семејствата со имплементација на Европска детска гаранција. | 2025 | **МСПДМ**/<br><br>УНИЦЕФ | Нема финансиски импликации | / | Изработена анализа и план со конкретни мерки и активности насочени кон намалување на сиромаштијата кај децата и семејствата, со примена на пристапот Европска детска гаранција, што вклучува расчленети податоци според пол, возраст, етничка припадност, попреченост, регион, социо-економски статус и приходи |
| **Мерка 2** | **Активности** | **Временски период** | **Водечка институција/ Партнери** | **Процена на потребните средства** | **Извор на финансирање** | **Показател на резултат (поврзан со мерката/активноста)** |

[58] Државен завод за статистика, Лаекенски индикатори за сиромаштијата (https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__ZivotenStandard__LaekenIndikatorSiromastija/175_ZivStd_Mk_LaekenVOZRAST_ml.px/table/tableViewLayout2/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef )

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.2.Подобрување на условите за живот на децата и нивните семејства | 1.2.1. Зголемување за 15%[59] на висината на правата на парична помош од социјална заштита предвидени со Законот за социјална заштита и правата за заштита на децата предвидени со Законот за заштита на децата | 2025 - 2026 | **МСПДМ** | УНИЦЕФ спроведува анализа за реформа на правата на парична помош, која ќе вклучи и проценка на овие фискални импликации | Буџет на РСМ | Усвоени измени на Законот за социјална заштита и Законот за заштита на децата |
| | 1.2.2. Изработка на локални социјални планови и ревидирање на постоечките, со идентификување на потребите на децата и нивните семејства согласно Законот за социјалната заштита имајќи ги предвид индивидуалните потреби на момчињата и девојчињата, децата со попреченост и други маргинализирани групи на деца | 2025-2029 | **ЕЛС/**<br><br>ЗЕЛС | Нема финансиски импликации | / | Број на општини кои имаат усвоено локални социјални планови со примена на родово-сензитивен и интерсекциски пристап и со определени буџети од ЕЛС |
| | | | | | | Број на доставени социјални планови до Министерството за социјална политика, демографија и млади согласно ЗСЗ |

[59] согласно Патоказот за владеење на правото усвоен од Владата на РСМ во декември 2023

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1.2.3. Воспоставување на нови услуги на локално ниво за децата и нивните семејства согласно потребите идентификувани во социјалните планови на општините | 2026-2029 | **ЕЛС/**<br><br>МСПДМ, МОН, МЗ, ГО | 120.000.000,00 ден. | ЕЛС, Буџет на РСМ, донации | Број на нови услуги развиени на локално ниво за децата и нивните семејства согласно потребите идентификувани во социјалните планови на општините |
| | | | | | | Број на корисници на новите услуги воспоставени од страна на општините, расчленети според пол, возраст, етничка припадност, попреченост, регион и други релевантни фактори |
| **Мерка 3** | **Активности** | **Временски период** | **Водечка институција/ Партнери** | **Процена на потребните средства** | **Извор на финансирање** | **Показател на резултат (поврзан со мерката/активноста)** |
| 1.3. Упис во матичната книга на родени на сите деца | 1.3.1. Евидентирање на сите непријавени деца и давање на потребна помош на истите во постапката за регистрација во матичната книга на родени со теренска работа на локално ниво | 2025-2029 | **МДТ -Управа за водење на матичните книги /**<br><br>ЦСР, ЕЛС, ГО | Нема фискални импликации | / | Број на евидентирани деца, расчленети според пол, возраст, попреченост, етничка припадност и регион, запишани во матичната книга на родени |
| | 1.3.2. Издавање на прв Извод од матична книга на родени без надомест (без административна такса) | 2026 | **МФ** | Нема фискални импликации | / | Донесени измени во Законот за административни такси |

| Мерка 4 | Активности | Временски период | Водечка институција/ Партнери | Процена на потребните средства | Извор на финансирање | Показател на резултат (поврзан со мерката/активноста) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.4. Намалување на бројот на деца на улица | 1.4.1. Формирање на мобилни тимови за работа на терен (идентификација и упатување на децата на улица) | 2025-2029 | **ЦСР /**<br><br>МВР, ГО,<br><br>Црвен крст на РСМ | нема фискални импликации | Буџет на РСМ, донации | Број на формирани тимови |
| | | | | | | Број на успешно спроведени акции |
| | | | | | | Број на идентификувани деца на улица - податоци расчленети според пол, возраст, етничка припадност, попреченост, регион |
| | | | | | | Број на упатени деца на улица - податоци расчленети според пол, возраст, етничка припадност, попреченост, регион |
| | 1.4.2. Развој на систем за обезбедување на статистички податоци за следење на состојбата со децата на улица во РСМ | 2025-2029 | **МСПДМ/**<br><br>ЦСР, МВР<br><br>Училишта, ДЗС, Мобилни тимови од ЦСР | Нема фискални импликации | Буџет на РСМ, донации | Изработена електронска база на податоци во која ќе се следи и бројот на деца на улица, со расчленети податоци според пол, возраст, етничка припадност, попреченост, регион и други демографски фактори каде што е соодветно |
| | 1.4.3. Мултисекторска обука на стручните лица од надлежните институции вклучени во работа со деца на улица | 2025 | **МСПДМ**/<br><br>ЗСД, МОН, МВР, ГО | 100.000,00 ден. | Буџет на РСМ, донации | Број на стручни лица од надлежните институции кои успешно поминале обука за работа со деца на улица |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1.4.4. Изработка на индивидуални планови според ризиците и потребите за работа со секое семејство на дете на улица и со семејствата каде постои таков ризик со предвидени активности за работа со родителите и поддршка на децата (здравствена заштита, вклучување во образование итн.) | 2025-2029 | **ЦСР**/<br>мобилните тимови од ЦСР | Нема фискални импликации | / | Број на реализирани индивидуални планови за работа според ризиците и потребите |
| | 1.4.5. Проширување на мрежата на лиценцирани даватели на услуга дневен престој за деца на улица | 2025-2029 | **МСПДМ/**<br>ЕЛС, ЦСР, ГО | 34.500.000,00 ден. | Буџет на РСМ, донации | Број на склучени договори со лиценцирани даватели на услуга дневен престој за деца на улица |
| | | | | | | Отворени 3 нови дневни центри за деца на улица |
| | | | | | | Број на деца корисници на дневен центар за деца на улица, расчленет според пол, возраст, етничка припадност, попреченост, регион |
| | | | | | | Број на деца корисници кои се вклучиле во редовното образование, расчленет според пол, возраст, етничка припадност, попреченост, регион |

<table>
<tr><td colspan="7">**Приоритетна област 2:  Граѓански слободи и права**</td></tr>
<tr><td colspan="3" rowspan="2">**Посебна цел:**<br><br>**Зголемување на свеста за правата на децата и учеството на децата**</td><td colspan="2">**Показател на исход:**</td><td>**Појдовна основа**</td><td>**Таргет 2029 год.**</td></tr>
<tr><td colspan="2">% од млади вклучени или консултирани од локални или национални институции во процесите на донесување одлуки</td><td>26,3 %  во 2023 год. [60]</td><td>Најмалку  50%  од млади вклучени или консултирани од локални или национални институции во процесите на донесување одлуки</td></tr>
<tr><td>**Мерка 1**</td><td>**Активности**</td><td>**Временски период**</td><td>**Водечка институција/ Партнери**</td><td>**Процена на потребните средства**</td><td>**Извор на финансирање**</td><td>**Показател на резултат (поврзан со мерката/активноста)**</td></tr>
<tr><td>2.1.  Вклучување на  различни групи деца во процесот на одлучување во носење на политики кои се</td><td>2.1.1. Внесување на одредби за учество и организирање на учениците во Законот за средно образование,  со земање предвид на принципот на еднаквост и различност</td><td>2025</td><td>**МОН**</td><td>Нема финансиски<br><br>импликации</td><td>/</td><td>Усвоен нов Закон за средно образование кој го содржи правото на учество и организирање на учениците, обезбедува родово-сензитивен пристап и вклучување на различни групи, според пол, етничка припадност, ученици со</td></tr>
</table>

[60] Извор: Годишна студија на Фондација за демократија на Вестминстер, https://www.wfd.org/sites/default/files/2024-08/Socio%20political%20participation%20of%20youth%202023%20MK.pdf

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| однесуваат на децата | | | | | | попреченост и други маргинализирани групи |
| | 2.1.2. Учество на децата и локалните младински совети во изработка на локалните социјални планови, со вклучување на различни групи, според пол, етничка припадност, ученици со попреченост и други маргинализирани групи | 2025-2029 | **ЕЛС** | Нема финансиски импликации | / | Број на деца вклучени од страна на општините при изработката на локални социјални планови, со родово-сензитивен пристап и вклучување на различни групи, расчленети според пол, возраст, етничка припадност, попреченост |
| | 2.1.3. Анализа на постоечките капацитети на детски и спортски игралишта на локално ниво со учество на децата и локалните младински совети со вклучување на различни групи деца со внимание на различните потреби на девојчињата и момчињата, потребите и пристапноста на децата со попреченост и децата од маргинализирани групи | 2025-2026 | **ЕЛС** | Нема финансиски Импликации | / | Број на општини кои изготвиле анализа на постоечките капацитети на општините со учество на децата, локалните младински совети, со родово-сензитивен пристап и вклучување на различни групи деца |
| | | | | | | Број на деца вклучени од страна на општините, расчленет според пол, возраст, етничка припадност, попреченост |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2.1.4. Реконструкција на старите и изградба на нови инклузивни, пристапни паркови и детски и спортски игралишта врз основа на изготвената анализа со учество на децата и локалните младински совети | 2026-2029 | **ЕЛС/**<br><br>МС, МЖСПП | 60.000.000,00 ден. | ЕЛС,<br><br>донации | Процент на зголемување на паркови и инклузивни, пристапни игралишта за деца во општините, прилагодени на различните потреби на девојчињата и момчињата, децата со попреченост и децата од маргинализирани групи |
| **Мерка 2** | **Активности** | **Временски период** | **Водечка институција/ Партнери** | **Процена на потребните средства** | **Извор на финансирање** | **Показател на резултат (поврзан со мерката/активноста)** |
| 2.2. Јакнење на капацитетите на општините, советодавните општински тела, советите на општините, центрите за развој на планските региони, локалните младински совети и децата на тема вклучување на правата на децата при | 2.2.1. Обуки на вработените во општините, советодавните општински тела, советите на општините и центрите за развој на планските региони за вклучување на правата на децата во креирањето на политиките | 2026-2029 | **ЕЛС/**<br><br>МЛС, ЗЕЛС, Центри за регионален развој, ГО | 900.000,00 ден. | ЕЛС,<br><br>донации | Број на успешно завршени обуки<br><br>Број на обучени лица што добиле сертификат, расчленети според пол, возраст, регион |
| | 2.2.2. Обуки за зајакнување на капацитетите на децата кои учествуваат во работата на општините преку локалните | 2026-2029 | **ЕЛС/**<br><br>ЗЕЛС, ГО | 600.000,00 ден. | ЕЛС,<br><br>донации | Број на успешно завршени обуки<br><br>Број на учесници, расчленет според пол, возраст, етничка припадност, попреченост, регион |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| креирање и развивање на политики | младински совети или соработуваат со формираните локални младински центри. | | | | | |
| **Мерка 3** | **Активности** | **Временски период** | **Водечка институција/ Партнери** | **Процена на потребните средства** | **Извор на финансирање** | **Показател на резултат (поврзан со мерката/активноста)** |
| 2.3. Вклученост и влијание на децата во заштита на животната средина | 2.3.1. Креирање на посебна програма со вклучување на децата за поттикнување на девојчињата и момчињата на учество во иницијативи поврзани со здрава животна средина | 2025 | **МЖСПП/** ГО | Нема финансиски | / | Програма усвоена од страна на Влада на РСМ |
| | | | | | | Број на вклучени деца, расчленет според пол, возраст, етничка припадност, попреченост, регион |
| | 2.3.2. Развивање на Насоки за проектни активности во средното образование за поттикнување на зелени волонтерски активности и јакнење на свеста кај младите | 2025 | **БРО/** средни училишта, ЕЛС, МОН, МЖСПП, ГО | Нема финансиски импликации | / | Изготвени и усвоени насоки за проектни активности за зелени волонтерски активности и дистрибуирани до средните училишта |
| | | | | | | Број на средни училишта (расчленет по регион) кои поттикнуваат зелени волонтерски проектни активности врз основа на насоките |
| | 2.3.3. Вклучување на различни групи деца од основни и средни училишта од страна на | 2025-2029 | **ЕЛС/** | Нема финансиски импликации | / | Број на деца вклучени во проекти за заштита на животната средина, расчленет според пол, возраст, |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | општините во изработка и имплементација на проекти за заштита на животната средина | | основни и средни училишта, ГО | | | етничка припадност, попреченост, регион |

| Приоритетна област 3: Насилство врз децата | | | |
|---|---|---|---|
| **Посебна цел:**<br><br>**Заштита на децата од сите форми на насилство, вклучувајќи и родово базирано и семејно насилство** | **Показател на исход:** | **Појдовна основа** | **Таргет 2029 год.** |
| | % на деца на возраст од 1-14 години кои биле физички казнети | 36,8% , 2019[61] | Помалку од 26% |
| | % на деца на возраст од 1-14 години изложени на психолошка агресија | 59,1%, 2019[62] | Помалку од 49% |
| | Број на деца – жртви и сведоци на насилство и криминал регистрирани од МВР | 1 348 деца, 2023 год., TransMonEE[63]– жртви и сведоци | Помалку од 1000 деца |
| | Број на адолесцентни бракови на возраст од 15 до 19 години | 260 момчиња и 1355 девојчиња, 2021 г. [64] | намалување за 50% |

| **Мерка 1** | **Активности** | **Временски период** | **Водечка институција/ Партнери** | **Процена на потребните средства** | **Извор на финансирање** | **Показател на резултат (поврзан со мерката/активноста)** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.1. Усогласување на законската рамка за превенција и заштита на децата од насилство, вклучувајќи | 3.1.1. Компаративната анализа на националното законодавство и Конвенцијата за права на детето со препораки за усогласување на правните акти кои се | 2025-2029 | **МСПДМ**/<br><br>МЗ, МП, МОН, МВР, ГО , ЗСД, УНИЦЕФ | 300.000,00 ден. | УНИЦЕФ | Изготвена и дистрибуирана анализа |
| | | | | | | Број на усогласени законски акти врз основа на анализата |

[61] МИКС 2019, https://www.stat.gov.mk/Dokumenti/MICS_18-19.pdf
[62] МИКС 2019, https://www.stat.gov.mk/Dokumenti/MICS_18-19.pdf
[63] УНИЦЕФ, ТрансМонее, годишно прибирање на податоци
[64] Попис 2021 г.: https://www.unicef.org/northmacedonia/mk/media/15486/file/Census%20for%20children%20report%20%20-%20FINAL%20proofread%20in%20MK.pdf.pdf

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| родово базирано и семејно насилство | однесуваат на заштита на децата од насилство со меѓународните стандарди | | | | | |
| | 3.1.2 Истражување во однос на сексуално насилство врз деца кое се олеснува или врши во дигитални средини „Спречување на штета“ | 2025 | **МСПДМ/**<br><br>МВР, УНИЦЕФ | 27.600.000,00 ден. | УНИЦЕФ | Изготвено и дистрибуирано истражување за проценка во врска со онлајн  сексуалната експлоатација и злоупотреба на деца, со препораки за измена на законските одредби |
| | | | | | | Број на законски акти кои се изменети врз основа на извештајот за проценка |
| **Мерка 2** | **Активности** | **Временски период** | **Водечка институција/ Партнери** | **Процена на потребните средства** | **Извор на финансирање** | **Показател на резултат (поврзан со мерката/активноста)** |
| 3.2. Зголемена јавна свест и промена на знаењата, нормите, ставовите и вредностите кон нулта толеранција за насилството, вклучувајќи родово базирано и семејно | 3.2.1. Подигнување на јавната свест за спречување и заштита од насилство, вклучувајќи врсничко родово базирано насилство врз децата и меѓу децата и улогата на Народниот правобранител во однос на заштита на правата на децата со внимание на интерсекциски и родово | 2025 -2029 | **НП/**<br><br>основни и средни училишта, МОН, ГО, МРТ, проект Поддршка на ЕУ за владеење на правото | 500.000,00 ден. | Проект Поддршка на ЕУ за владеење на правото | Број на учесници во активности за подигнување на свеста, расчленети според пол, возраст, регион |
| | | | | | | Подготвени материјали за кампања |
| | | | | | | Споделени  материјали за кампања |
| | | | | | | Покриеност во медиумите – број на телевизиски и радио прилози, број на објави во печатени |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| насилство и неговата дигитална димензија | базиран аспект на врсничкото насилство, вклучувајќи ја и дигиталната димензија | | | | | медиуми, број на објави на онлајн медиумски портали<br><br>Досег преку социјалните мрежи – број на луѓе што ги виделе објавите на социјалните мрежи, број на споделени објави од страна на други корисници на социјалните мрежи, број на “лајкови” на објавите, број на коментари на објавите, број на кликови кон дополнителни линкови |
| | 3.2.2. Анализа на состојбата со сексуалното насилство врз децата во РСМ и негативните последици кои произлегуваат од истото | 2025 | **НП/**<br><br>МСПДМ, МП, МВР, проект Поддршка на ЕУ за владеење на правото | 100.000,00 ден. | Проект Поддршка на ЕУ за владеење на правото | Изготвена и дистриубирана анализа со препораки во однос на состојбата со сексуално насилство врз децата во РСМ и негативните последици кои произлегуваат од истото |
| | 3.2.3. Кампања “Еден од пет“ за подигнување на јавната свест за спречување и заштита од сексуално насилство врз | 2025 -2026 | **НП/**<br><br>МСПДМ, | 600.000,00 ден. | Проект Поддршка на ЕУ за владеење на правото | Број на учесници во активности за подигнување на свеста, расчленети според пол, возраст, регион и други релевантни фактори |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | деца и негативните последици од насилството врз децата | | МВР, ГО, ЗЕЛС, МРТ, УНИЦЕФ, Совет на Европа, проект Поддршка на ЕУ за владеење на правото | | | Подготвени материјали за кампања |
| | | | | | | Споделени материјали за кампања |
| | | | | | | Покриеност во медиумите – број на телевизиски и радио прилози, број на објави во печатени медиуми, број на објави на онлајн медиумски портали |
| | | | | | | Досег преку социјалните мрежи – број на луѓе што ги виделе објавите на социјалните мрежи, број на споделени објави од страна на други корисници на социјалните мрежи, број на “лајкови” на објавите, број на коментари на објавите, број на кликови кон дополнителни линкови |
| | 3.2.4. Кампања за подигнување на јавната свест за законска забрана за насилство врз децата, вклучувајќи родово базирано и семејно насилство и промоција на ненасилно воспитување и јакнење | 2026 -2029 | **МСПДМ**/<br><br>МЗ, МОН, МВР, ГО, ЗЕЛС, ЗСД, УНИЦЕФ, МРТ | 600.000,00 ден. | УНИЦЕФ | Број на учесници во активности за подигнување на свеста, расчленети според пол, возраст, регион и други релевантни фактори |
| | | | | | | Подготвени материјали за кампања |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | позитивни родителски практики и вештини. | | | | | Споделени материјали за кампања |
| | | | | | | Покриеност во медиумите – број на телевизиски и радио прилози, број на објави во печатени медиуми, број на објави на онлајн медиумски портали |
| | | | | | | Досег преку социјалните мрежи – број на луѓе што ги виделе објавите на социјалните мрежи, број на споделени објави од страна на други корисници на социјалните мрежи, број на “лајкови” на објавите, број на коментари на објавите, број на кликови кон дополнителни линкови |
| **Мерка 3** | **Активности** | **Временски период** | **Водечка институција/ Партнери** | **Процена на потребните средства** | **Извор на финансирање** | **Показател на резултат (поврзан со мерката/активноста)** |
| 3.3. Зголемена свест и промена на знаењата, ставовите и вредностите кон нулта толеранција | 3.3.1. Спроведување обука на обучувачи за јакнење на капацитетите и знаењата на професионалците од различни сектори во различни институции за насилството, вклучувајќи | 2025-2029 | **МСПДМ**/ МП, МОН, МВР, МЗ, ЗСД,МДТ, АСЈО, БРО, АВМУ, | 500.000,00 ден. | Буџет на РСМ, УНИЦЕФ донации | Изработена унифицирана програма за обука |
| | | | | | | Спроведена обука на обучувачи од различните сектори |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| за насилството на професионалците | модули за РБН и семејно насилство и неговата дигитална димензија, вклучувајќи врсничко родово базирано насилство, и подигнување на јавната свест кон нулта толеранција за насилство врз децата | | Министерство за спорт, ГО, УНИЦЕФ | | | Број на стручни лица од различни сектори кои учествувале во обуката, расчленети по пол, возраст, регион, сектори |
| | 3.3.2 Унапредување на компетенциите и зајакнување на улогата на стручните соработници во градинките и училиштата преку програми за обука за професионален развој на различни теми:<br><br>- превенција од насилство во училиштата, вклучително и врсничко насилство и онлајн малтретирање (сајбербулинг)<br><br>- превенција на родово базирано и семејно насилство и неговата дигитална димензија | 2025-2029 | **БРО/**<br><br>МСПДМ, МОН, МЗ, МВР, ЗЕЛС, ЗСД, ГО, УНИЦЕФ | 1.000.000,00 ден. | Буџет на РСМ, УНИЦЕФ, донации | Изработени и усвоени специјализирани задолжителни програми за стручните соработници на теми:<br><br>- превенција од насилство во училиштата,<br><br>- превенција на родово базирано и семејно насилство и неговата дигитална димензија,<br><br>- постапување и пријавување на насилството, вклучувајќи го и родово базираното и семејно насилство и неговата дигитална димензија,<br><br>- заштита и поддршка на деца жртви и сведоци на родово базирано и семејно насилство,<br><br>- ментално здравје на деца |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | - постапување и пријавување на насилството, вклучувајќи го и родово базираното и семејно насилство и неговата дигитална димензија<br><br>- специјализирана обука за заштита и поддршка на деца жртви и сведоци на родово базирано и семејно насилство<br><br>- ментално здравје на деца | | | | | Број на спроведени обуки за различни теми врз основа на новоразвиените специјализирани програми за стручните соработници<br><br>Број на учесници, расчленети според пол, возраст, регион |
| **Мерка 4** | **Активности** | **Временски период** | **Водечка институција/ Партнери** | **Процена на потребните средства** | **Извор на финансирање** | **Показател на резултат (поврзан со мерката/активноста)** |
| 3.4. Зајакнати вештини кај децата за справување со конфликти, спречување и заштита од родово базирано и семејно | 3.4.1. Внесување во наставните програми на содржини за едукација на момчиња и девојчиња во основни и средни училишта за ненасилна комуникација и препознавање на сите видови насилство | 2025-2027 | **БРО/**<br><br>МОН | Нема финансиски<br><br>импликации | / | Интегрирана содржина во основните и средните училишта за едукација на момчињата и девојчињата за ненасилна комуникација и препознавање на сите форми на насилство |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| насилство, и ненасилна комуникација | 3.4.2. Изготвување и спроведување на програма за спречување, пријавување и (само)заштита од врсничко насилство, онлајн малтретирање (сајбербулинг), вклучително и модули за родово базирано насилство и неговата дигитална димензија, во основните и средните училишта со вклучување на момчиња и девојчиња во креирање на програмите. | 2025-2029 | **БРО/**<br><br>МОН, МВР, МСПДМ, основни и средни училишта, ГО, УНИЦЕФ | 600.000,00 ден. | Буџет на РСМ, УНИЦЕФ | Изготвена програма за спречување, пријавување и (само)заштита од врсничко насилство, онлајн малтретирање (сајбербулинг), со модули за родово базирано насилство и неговата дигитална димензија.<br><br>Број на учесници во спроведената обука на обучувачи, расчленети според пол, возраст, регион, сектори и други релевантни фактори.<br><br>Број на основни и средни училишта кои ја имплементираат програмата, расчленети според региони. |
| **Мерка 5** | **Активности** | **Временски период** | **Водечка институција/ Партнери** | **Процена на потребните средства** | **Извор на финансирање** | **Показател на резултат (поврзан со мерката/активноста)** |
| 3.5 Унапреден и зголемен капацитет на службите и институциите за заштита и поддршка на сите деца од насилство, вклучително и | 3.5.1. Спроведување на обуки и едукација за јакнење на капацитетите на професионалците за примена на Протоколот за работа на меѓусекторски тим (МСТ) со деца жртви на злоупотреба, занемарување и | 2025-2029 | **МСПДМ/**<br><br>ЗСД, АСЈО, МОН, МЗ, МВР, ГО, ЗЕЛС УНИЦЕФ | 600.000,00 ден. | Буџет на РСМ, УНИЦЕФ | Број на спроведени обуки<br><br>Број на учесници во спроведените обуки за примена на Протоколот за работа на меѓусекторски тим (МСТ) со деца жртви на злоупотреба, занемарување и насилство, вклучувајќи деца жртви и сведоци на родово базирано и семејно насилство |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| родово базирано и семејно насилство и неговата дигитална димензија во рамки на здравствениот, социјалниот, образовниот, полицискиот и правосудниот систем. | насилство, вклучувајќи деца жртви и сведоци на родово базирано и семејно насилство | | | | | |
| | 3.5.2 Креирање и континуирана испорака на специјализирани програмски модули и обуки за вработените во центрите за социјална работа (ЦСР) за родово базирано и семејно насилство за работа и справување со деца жртви и сведоци на родово базирано и семејно насилство, вклучувајќи ја и неговата дигитална димензија | 2025-2029 | **ЦСР**/<br>МСПДМ, ЗСД, ГО, УНИЦЕФ, „UN Women“, УНФПА | 600.000,00 ден. | Буџет на РСМ, донации | Креирани и спроведена испорака на континуирани на специјализирани програмски модули и обуки за вработените во ЦСР за работа и справување со деца жртви и сведоци на родово базирано и семејно насилство, вклучувајќи ја и неговата дигитална димензија<br>Број на учесници на обуките, расчленети според пол и регион на ЦСР и општина |
| | 3.5.3. Проценка на потреби за услуги и соодветни ресурси за унапредување на заштитата, поддршката, третманот и советувањето на деца жртви и сведоци на насилство, вклучувајќи родово базирано и семејно насилство . | 2025-2026 | **МСПДМ**/<br>ЗСД, ЦСР, ГО, УНИЦЕФ | 300.000,00 ден. | Буџет на РСМ, УНИЦЕФ | Изготвена и достапна проценка за потребите за услуги за заштита на деца - жртви и сведоци, и соодветните ресурси за заштита, поддршка, третман и советување на деца жртви и сведоци на насилство, вклучувајќи родово базирано и семејно насилство |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 3.5.4. Унапредување на подзаконската рамка за развивање на прилагодени услуги на советување на деца жртви и сведоци на насилство, вклучувајќи родово базирано и семејно насилство | 2026 | **МСПДМ**/<br><br>ЗСД, ЦСР, ГО, УНИЦЕФ | Нема финансиски импликации | / | Усвоени измени на Правилникот за начинот, обемот, нормативите и стандардите за давање на услугите на советување и за простор, средства, кадри и потребна документација за советувалиште |
| | 3.5.5. Зголемување на ресурсите за давање прилагодена психосоцијална помош и поддршка на деца жртви и сведоци на насилство, вклучувајќи родово базирано и семејно насилство, преку даватели на услуги на локално ниво. | 2025-2029 | **МСПДМ**/<br><br>ЗСД, ЦСР, ЕЛС, ГО, УНИЦЕФ | 600.000,00 ден. | Буџет на РСМ, ЕЛС, УНИЦЕФ, ЕУ/ИПА 2022, ЕУ/ИПА 2024 | Број на склучени договори со даватели на услуги на деца жртви на насилство, расчленети според регион и општина |
| | 3.5.6. Изготвување програма за бесплатни здравствени услуги на деца жртви и сведоци на насилство, вклучувајќи прилагодени услуги за девојчиња и момчиња | 2025 | **МЗ** | Нема финансиски импликации | / | Усвоена програма за бесплатни здравствени услуги на деца жртви и сведоци на насилство, вклучувајќи прилагодени услуги за девојчиња и момчиња жртви и сведоци на родово базирано и семејно насилство |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | жртви и сведоци на родово базирано и семејно насилство | | | | | Број на пријавени деца жртви на насилство во здравствени установи кои ја користат програмата за бесплатни здравствени услуги, расчленети според пол, возраст, етничка припадност, регион, општина |
| | 3.5.7. Развивање програма која вклучува обука на згрижувачки семејства за грижа на деца жртви на насилство, вклучувајќи родово базирано и семејно насилство. | 2025 - 2026 | **МСПДМ**/<br>ЗСД, ЦСР, Центри за поддршка на згрижувачки семејства | Нема финансиски<br>импликации | / | Донесена програма за специјализирани згрижувачки семејства |
| | | | | | | Број на обучени учесници, расчленети според регион и општина |
| **Мерка 6** | **Активности** | **Временски период** | **Водечка институција/**<br>**Партнери** | **Процена на потребните средства** | **Извор на финансирање** | **Показател на резултат (поврзан со мерката/активноста)** |
| 3.6. Искоренување на детските бракови и подигнување на свеста за негативните последици од таквите штетни практики врз децата | 3.6.1. Измени на Закон за семејството со отстранување на сите исклучоци кои дозволуваат брак на возраст под 18 години | 2025 | **МСПДМ** | Нема финансиски<br>импликации | / | Усвоени измени и дополнувања на Закон за семејство |
| | 3.6.2. Изработка на превентивни програми за семејствата за спречување на рани, договорени и присилни | 2025-2026 | **МСПДМ**/<br>ЗСД, ГО | Нема финансиски<br>импликации | / | Подготвена програма за едукација и социоекономска поддршка со цел  спречување на рани, договорени и присилни бракови. |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | бракови, со посебно внимание на финансиска и социјална поддршка и стимулации за ранливите семејства со девојчиња кои се изложени на повисок ризик/веројатност за детски бракови | | | | | |
| | 3.6.3. Спроведување на обуки на ромски здравствени медијатори, невладини организации и стручни образовни служби на локално ниво за негативните последици од детските бракови. | 2026-2029 | **МСПДМ**/<br><br>ЗСД,<br><br>МЗ, ЕЛС, ГО | 300.000,00 ден. | Буџет на РСМ<br><br>донации | Број на спроведени обуки |
| | | | | | | Број на учесници, расчленети според пол, возраст, таргетирани професионалци (медијатори, ГО итн.), регион, општина |
| | 3.6.4. Кампања за подигање на јавната свест за штетните последици од детските бракови | 2026-2027 | **МСПДМ**/<br><br>ЦСР, ГО, УНИЦЕФ | 600.000,00 ден. | Буџет на РСМ, донации | Број на учесници во активности за подигање на свеста, расчленети според пол, возраст, етничка припадност, регион и општина |
| | | | | | | Покриеност во медиумите – број на телевизиски и радио прилози, број на објави во печатени медиуми, број на објави на онлајн медиумски портали |
| | | | | | | Досег преку социјалните мрежи – број на луѓе што ги виделе објавите на социјалните мрежи, број на споделени објави од |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | страна на други корисници на социјалните мрежи, број на “лајкови” на објавите, број на коментари на објавите, број на кликови кон дополнителни линкови |
| **Мерка 7** | **Активности** | **Временски период** | **Водечка институција/<br><br>Партнери** | **Процена на потребните средства** | **Извор на финансирање** | **Показател на резултат (поврзан со мерката/активноста)** |
